

**ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ**

И во 1991 година денот 24 мај, македонскиот народ и Македонската православна црква го прослави во Рим во базиликата „*Свети Климент"* и им се оддаде почит со голема благодарност на светите Кирил и Методиј за нивното дело кое ги издигнаа на светители. Тоа уште еднаш ги потврди можностите за афирмирање на македонските културни и духовни дострели во средина како што е Италија, каде што на овој план се зацртани богати традиции. Ваквите релации добиваат посебно значење со фактот што

поклонението во Рим се одржува во чест на рамноапостолите свети Кирил и Методиј Солунски.

Оваа година во Рим допатува државна делегација само од Република Македонија, во која беше приклучена и делегација на Македонската православна црква. Имено, со новонастанатите услови на поранешните југословенски простори се формираа нови држави, меѓу кои и Република Македонија, со што престана заедничкиот настап во Рим.

Во состав на државната делегација беа академик Блаже Ристовски, потпретседател на Владата на Република Македонија, како шеф на делегацијата, а членови беа: академик Властимир Николовски, д-р Борис Петковски, професор на Филозофскиот факултет,

Александар Димитров, заменик во Министерството за односи со странство, како секретар на делегацијата и Аленка Лапе како преведувач.

Црковната делегација, пак, ја предводеше повардарскиот митрополит Михаил, во придружба на протоѓаконот Александар Цандовски, личен секретар и шеф на кабинетот на поглаварот на Македонската православна црква Неговото Блаженство г. г. Гаврил.

Свеченото оддавање почит беше одржано на денот на свети Кирил и Методиј, на 24 мај, длабоко во катедралата „Св. Клемент”, токму каде што и сега постојат остатоци од ранохристијанска црква од четвртиот век.






**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**